

Д-р Јане Коџабашија

## Сто и триесет години од раѓањето на

# Васил Иванов Бојаџиев
# (1876-1950)

Во нашево време не ретко се случува да биде откриено некое вредно дело од поблиското историско минато, а за животот на неговиот автор да не се сочувани ни најосновните податоци. Во овој поглед не е исклучок ниту Васил И. Бојаџиев, творецот на едни од највредните црковно-музички дела во македонската музичка историја и пошироко, иако е роден значително подоцна и живеел сè до средината на XX век.

Благодарение на податоците до коишто дојде музикологот Драгослав Ортаков од разговорот со потомците на Васил Иванов Бојаџиев, непосредно по откривањето на неговиот *Псалтикиски воскресник* во 1978 г.[1] од страна на пасионираниот истражувач на македонското културно наследство, славистот Михајло Георгиевски,[2] денеска ги имаме основните податоци за животот на овој значаен претставник на црковно пеење од словенско-византиската традиција во Македонија. Иако недостаточни, овие податоци се извонредно важни за идните истражувања, бидејќи насочуваат кон клучни моменти од животот на Васил Иванов.

Според овие драгоцени податоци, Васил Иванов Бојаџиев е роден на 14 декември 1876 година во Кратово. По завршувањето на основното училиште во родниот град, своето образование го продолжил во Скопје во егзархиското педагошко училиште, кадешто стекнал основни знаења од црковното пеење. Како псалт работел во Тетово, Штип и Струмица. Две години престојувал во манастирот Хиландар на Света Гора на усовршување на источното црковно пеење. Во следниот период работи во Бачковскиот манастир близу до Пловдив (Бугарија), како учител по црковно пеење во тамошното богословско училиште. Околу 1922 година се преселил во Стара Загора, каде по извесно време е пензиониран.

---

[1] Ортаков, Драгослав, *Огледи за византиско-словенската музика во Македонија*, Ворлдбук, Скопје, 2001. п. 98-103,

[2] Георгиевски, Михаило, *Македонска музика/*2. ... op. cit. 51-55

Во целиот период меѓу двете светски војни Васил Иванов Бојаџиев интензивно работел на *Псалтирскиот воскресник*, вградувајќи го во него сето свое знаење и искуство на учител по црковно пеење. Во Бугарија, кадешто псалтикиските книги на Манасиј поп Тодоров се неприкосновени, не успеал да најде заинтересиран издавач за својата книга. За таа цел, Васил Иванов, кој и пред тоа мечтаел да се врати во својата родна Македонија, во 1941 година доаѓа во Велес, кадешто работи како диригент на црковен хор и псалт. Заради отпорот од страна на про-српски настроеното свештенство, кое во овој град веќе подолг период го практицира т.н. *српско народно црковно пеење*, не успеал да се здобие ниту со приврзаници за црковното пеење од словенско-византиската традиција, ниту да најде спомагатели и издавач за својата книга. По само две години заминува за Скопје, градот во којшто пред пет децении бил ученик на педагошкото училиште, надевајќи се дека таму ќе успее да ја реализира својата желба - печатењето на книгата и да ја продолжи својата црковно-музичка дејност. Но, близу е крајот на војната и во тукушто ослободеното Скопје, градот на неговата младост, ќе нема место за веќе остарениот и изморен псалт. Згора на тоа, во новиот општествен поредок неговиот *Псалтирски воскресник* преку ноќ ќе стане анахрона и беспредметна книга.

Умира во Скопје, во 1950 година.

Пронаоѓањето на *Псалтирскиот воскресник* од Васил И. Бојаџиев во 1978 година има пошироко значење за македонската музичка култура и посебно за црковното пеење од словенско-византиската традиција. Со откривањето на овој ракопис се потврди извонредно високото ниво на црковното пеење на територијата на Македонија и на неговите бројни претставници, како и фактот дека, иако во отежнати услови, беше одржан континуитетот во развојот на псалтикиската уметност и во периодот по Првата светска војна, кога со потпаѓањето на вардарскиот дел од Македонија под српска власт, во македонските храмови беше воведено *српското народно црковно пеење*. Освен тоа, ракописниот зборник на Васил Иванов Бојаџиев содржи цела низа драгоцени црковни творби од македонски автори, непознати пред неговото откривање.

Ракописот на Бојаџиев е пишуван на хрисантовата нотација и на црковнословенски текст со воедначено убав и читлив ракопис. Овој обемен зборник има 392 густо пишувани страници со по 17 редови музички невми и текст со невообичаено голем формат од 37 – 27 см. и ги содржи следните последованија на Утрената, Вечерната и Литургијата:

- Сите воскресни напеви кои се пеат на воскресната вечерња и утрења (на 8 гласови);
- Последование на воскресни егзапостилари и утрени евангелски стихири;
- *Преблагословена еси, Богородице Дево* и кратки велики славословија на (на 8 гласови);
- Коснократки велики славословија на 8 гласови;
- Коснократки троични тропари на воскресна полуноќница;
- Кратки троични тропари;
- *Благословен еси Господи, Ангелскиј собор* (кратко и пространо);
- Последование на воскресното утрено евангелие;
- Псалм педесетти, на втори, седми и осми глас;
- *Честњејшују херувим*, на 8 гласови;
- *Свете тихиј*;
- Пет архиерејски многолетствија;
- На благодарствен молебен, химна: *Тебе Бога хвалим*;
- Четири општи многолетствија;
- Единечни и троични *Господи помилуј*;
- Подобија за стихири, седални, кондаци на 8 гласови;
- Подобија за светилни на втори и трети глас;
- *Отца и Сина* од втори до осми глас;
- *Достојно ест* на втори, шести и седми глас.

Интересно е да се напомене дека, речиси, сите автори на црковни творби коишто се застапени во овој зборник потекнуваат од Македонија: св. Јован Кукузел, Димитар Златанов - Градоборски, Калистрат Зографски, Христо П. Стојанов, Атанас Бадев, Манасиј поп Тодоров, Христо Шалдев и Петар Динев. Од “византиските” творци застапени се само Петар Пелопонески и Стамули Заркиновски.

Во оваа своевидна антологија на македонското црковно-музичко творештво посебно се значајни трите творби на Калистрат Зографски *Отца и Сина* на *втори, петти седми глас.* Двете творби на *петти и седми глас,* Васил Иванов Бојаџиев веројатно ги презел од зборникот *Литургија,* но, останува непознато откаде ја земал онаа на *втори глас,* бидејќи таа не се наоѓа во зборникот на Калистрат, ниту во некоја друга печатена псалтикија. Со ова Васил Иванов ни дава мошне значајна информација дека Калистрат Зографски создал поголем број творби од оној што досега ни беше познат, односно дека во зборникот *Источно црковно пеење,* од скромност или од други причини, не ги ставил сите свои творби.

Откривањето на *Псалтирскиот воскресник* на Васил И. Бојаџиев во 1978 г. внесе нови моменти и во однос на дилемите околу црковно-музичкото творештво на Манасиј поп Тодоров. Сè дотогаш, во науката преовладуваше мислењето на познатиот бугарски византолог од македонско потекло Петар Динев (1889-1976), според кое Манасиј се нема пројавено како композитор, туку само како издавач на многубројни псалтикии и музико-учител. До овој заклучок Динев дошол по деталната анализа на зборниците од поп Тодоров издадени во периодот од 1905 до 1922 година, како и на зборниците на другите автори, издадени пред 1905 година. Притоа, Динев констатирал дека во некои творби поп Тодоров направил незначителни измени, со цел мелодијата подобро да ја изрази смислата на текстот или да корегира некои неправилни акценти. Во зборникот на Бојаџиев, откриен две години по смртта на Петар Динев, Манасиј поп Тодоров е застапен со далеку поголем број творби во споредба со другите застапени автори:

**а)** *Велико славословие* (12 творби) *на први, втори, трети,* (два), *четврти, петти, шесто-седми, шести, прво-седми, седми* (два) и *осми глас;*

**б)** *Отца и сина* (2 творби) на *трети* и *шести глас.*

За да се расчисти со оваа дилема, важно е да се напомене, дека ракописниот зборник на Васил Иванов Бојаџиев претставува еден од најобемните и најсолидно направени, коишто се појавиле на територијата на Македонија, па и пошироко. Врз основа на неговите содржини, може да се заклучи дека составувачот Васил Иванов Бојаџиев, освен што одлично ја познавал теоријата на хрисантовата нотација, бил добро упатен и во литературата на источното црковно пеење, особено во онаа на словенски јазик. Оттука, може да се претпостави дека Васил Иванов добро знаел кои се авторите на творбите што ги вклучил во својот *Псалтирски воскресник*. Според тоа, не останува простор за сомневање дека Манасиј поп Тодоров е навистина автор на застапените композиции.

Две од композициите со коишто Манасиј поп Тодоров е застапен во зборникот на Васил Иванов Бојаџиев (*Отца и Сина* на *трети* и *шести глас*), се појавија во четвртото издание на *Краткиот псалтикиски воскресник* (*осмогласник*) на Манасиј поп Тодоров, издадено во 1992 година од страна на Бугарската Православна Црква, кадешто се ставени како “*додаток*” на самиот крај на книгата (заедно со уште една *Отца и Сина* на *четврти глас*). Интересно е тоа, што овие творби не се наоѓаат во првото издание на *Краткиот воскресник* од 1905 година. Можеби авторот Манасиј поп Тодоров ги ставил во некое од подоцнежните изданија, откаде што и ги презел Васил Иванов Бојаџиев, или пак тој како автор, лично му ги дал на Васила?

Не треба да се заборави дека Манасиј поп Тодоров, исто како и Васил Иванов Бојаџиев, во Бугарија се преселил како возрасен човек, на кој секогаш се гледало како на дојденец. Од друга страна, тој со своето одлично грчко црковно-музичко образование секако ги загрозувал позициите на домородните музички авторитети. За да ги смири духовите, Манасиј поп Тодоров веројатно бил принуден да прави компромиси од секаков вид: во своите псалтикии да става творби од разни бугарски автори, кои, како што кажува и Петар Динев, самиот ги дотерувал, а под сопствените композиции не се ни потпишувал. Дали она коешто од некои причини не го пишувал во своите книги била општо позната работа, која можеби му ја соопштил на својот сонародник Васил Иванов Бојаџиев: дека тоа се негови композиции?

До пред 30 години единствената позната творба на Димитар Златанов - Градоборски беше *Достојно ест* на *осми глас*, којашто се наоѓа во зборникот *Литургија* од споменатата антологија на Калистрат Зографски. Во ракописниот *Псалтирски воскресник* на Васил И. Бојаџиев се наоѓа уште една композиција на Димитар Златанов-Градоборски: *Велико славословие* на *шесто-седми глас*. Нема никакви указанија каде и во каква верзија ја нашол композиција: ако ја нашол на црковно-словенски јазик, тоа би можело да биде оригиналната верзија на Градоборски, но ако ја нашол на грчки јазик, преводот би можел да биде негов, на Васил Иванов Бојаџиев.

Во оваа ракописна псалтикија се наоѓаат и композиции кои немаат ознака за нивните автори. Не е исклучено некои од овие творби да се создадени од самиот Васил Иванов Бојаџиев. Од овој аспект, интересно е да се одбележи дека во сите творби застапени во *Псалтирскиот воскресник*, коишто ги презел од разни печатени псалтикии, Васил Иванов, исто како и Манасиј поп Тодоров, направил помали или поголеми измени и исправки од секаков вид: од оние на печатните грешки, до ортографските недоследности, како и разни интервенции од мелоритмичка природа. Сето тоа тој го прави со префинет вкус и со очигледно познавање на теоријата на црковното пеење од византиската традиција. Од овие причини, за зборникот на Васил И. Бојаџиев може да се каже дека во голема мера има и авторски карактер.

*Псалтирскиот воскресник* на Васил И. Бојаџиев претставува синтеза на сите воскресници кои се појавиле пред него. Тој длабоко проникнува во искуствата и сознанијата на македонските псалти од последните два века, како што се Димитар Златанов - Градоборски, Јоан Хармосин - Охридски, Калистрат Зографски, Манасиј поп Тодоров и други. Како што е веќе спомнато, својот *Псалтирски воскресник* Васил Иванов Бојаџиев започна да го создава во периодот непосредно по Првата светска војна, кога црковното пеење од византиската традиција беше исфрлено од употреба од македонските храмови и беше воведено *српското народно црковно пеење*. Можеби токму од овие причини во целиот овој драматичен период настојувал да се врати во Македонија. Иако во татковината се врати релативно доцна, во 1941 година, Васил Иванов Бојаџиев настојувајќи да го обелодени својот *Псалтирски воскресник*, всушност сакаше да ја покаже силата на нашата милениумска традиција и длабоките корени на источното црковно пеење на територијата на Македонија.

*спроти Крстовден,*
на 29 септември, 2006 г.
во Скопје